## I. Вклучување на нови точки во дневниот ред

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас можат по писмен пат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето со образложение или предлог одлука се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице.

## II. Предлагање на нови одлуки

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието.

Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице.

Заедно со барањето односно предлогот акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

**За акционер физичко лице се приложува:**

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оргинал
- Копија од лична карта или пасош, заверена со цело име и презиме и своерачен потпис од акционерот

**За акционер правно лице се приложува**:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал
- Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од 60 (шеесет) дена/ За акционер странско правно лице се приложува соодветен документ за регистрација на Друштвото, од државата каде што е основано со превод на Македонски јазик од овластен судски преведувач

Доколку акционерот не достави Извод од Централниот Депозитар за хартии од вредност и /или превод на Македонски јазик, Друштвото ќе го обезбеди истиот.

Барањето односно предлогот, заедно со документите за идентификација, мора да бидат примени во ДС СМИТХ АД Скопје или на маил адресата објавена во јавниот повик office.skopje@dssmith.com најдоцна во рок од 8 (осум) дена од објавата на Јавниот повик за одржување на годишно собрание на Друштвото. Во случај кога се доставува по пошта, адреса на која се доставува барањето:

**ДС СМИТХ АД Скопје, ул.1632 бр.1, Скопје – Гази Баба,**
**Република Северна Македонија**
**До Управниот одбор на Друштвото**
**со назнака „за Годишно собрание”**